У-6.бр.690/2021
У-6.бр.692/2021

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Даниела Антовска и Елизабета Васкова - членови на советот, со записничар м-р Наташа Кузмановска - помлад судски соработник, решавајќи по тужбата и предлогот за издавање времена мерка на тужителот Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесени против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година, за концесија, на седницата на советот одржана на 22.07.2021 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата и предлогот за издавање времена мерка на тужителот Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесени против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година, СЕ ОТФРЛААТ.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со предметната тужба, заведена под У-6.бр.692/2021, ја оспорува законитоста на решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година, со кое е уважена жалбата изјавена од „СТРАТИЛАТ“ ДООЕЛ Кичево, сега заинтересирано лице, против Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Тажево“ - ловен реон Македонски Брод, на користење концесија број 40-4005/2 од 30.03.2021 година, а се поништува Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Тажево“ - ловен реон Македонски Брод, на користење концесија број 40-4005/2 од 30.03.2021 година, донесена по Јавниот повик за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга на концедентот Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија, преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, сега тужител и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување на договорниот орган.

Истовремено со тужбата тужителот истакна и посебен предлог за издавање на времена мерка, заведен под У-6.бр.690/2021, во кој е наведено дека со извршување на оспореното решение, има можност да настане штета на средствата на буџетот на Република Северна Македонија, како и при доделувањето на правото на користење-концесија на дивечот како добро од општ интерес. Поради наведеното, предложи Судот да донесе решение за

времена мерка, со кое ќе се одложи извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година, до правосилно завршување на постапката по тужбата заведена под У-6.бр.692/2021.

Управниот суд постапувајќи по тужбата и предлогот за издавање времена мерка на тужителот најде:

Тужбата и предлогот за издавање времена мерка се недозволени.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови („Службен весник на Репубика Северна Македонија“ бр.96/2019), тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

Согласно членот 21 став 1 од Законот за управните спорови, државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво здружение или заедница на граѓани, кои немаат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управна постапка.

Согласно членот 32 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови, судот со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот (член 20).

Согласно членот 38 став 3 од Законот за управните спорови, судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон, одлучува по управниот спор без да одржи расправа само кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка.

Согласно член 54 од Закон за концесии и јавно приватно пратнерство, („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2021...261/2019), на сите постапки за доделување на договори согласно со овој закон правната заштита се обезбедува согласно со Законот за јавните набавки.

Согласно член 170 став 1 и 3 од Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/2019 и 87/2021), против одлуката на Државната комисија не е дозволена жалба, а може да се покрене управен спор пред Управниот суд. Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување уредна тужба.

Во конкретниот случај, тужителот Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, како концедент, спровел постапка за концесија со Јавен повик за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга. Концедентот во тендерската документација и огласот предвидел дека критериум за доделување на договор за јавна набавка е највисок понуден концесиски надоместок врз основа на е-аукција. По спроведената постапка,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Комисијата за јавни набавки на договорниот орган, дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор „ТС ВАЈД ЛАИФ“ ДООЕЛ Скопје, сега заинтересирано лице, по што била донесена Одлука за давање на дивечот во ловиштето бр.5 на наведениот економски оператор број 40-4005/2 од 30.03.2021 година.

Незадоволен од донесеното решение останал економскиот оператор „СТРАТИЛАТ“ ДООЕЛ Кичево, кој изјавил жалба, по што тужениот орган го донел сега оспореното решение Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година.

Од списите на предметот произлегува дека тужителот не бил странка во управната постапка, туку бил орган кој ја водел и одлучувал како првостепен орган во постапката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Тажево“ - ловен реон Македонски Брод, на користење концесија број 40-4005/2 од 30.03.2021 година, донесена по Јавниот повик за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ливните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, согласно одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за јавните набавки.

Тужителот Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, како првостепен орган согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство, кој ја донел Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Тажево“ - ловен реон Македонски Брод, на користење концесија број 40-4005/2 од 30.03.2021 година, против чија одлука е дозволена жалба, има процесна положба на првостепен управен орган, па за истата правна работа не може истовремено да има и положба на странка и да биде тужител во управен спор, односно да биде носител на права и обврски за кои се одлучувало во конкретната управна постапка.

Од вака утврденото, согласно горе цитираните законски одредби, Судот смета дека првостепениот орган не може да поведе управен спор против решение на второстепен орган, Државната комисија за жалби по јавни набавки, кој орган одлучувал по поднесената жалба на одлуката на првостепениот орган.

Во однос на посебниот предлог за времена мерка, а имајќи ја предвид одлуката на Судот во однос на тужбата со која е покренат конкретниот управен спор, која се отфрла како недозволена, во тој случај посебниот предлог, Судот да донесе времена мерка со која се одлага извршувањето на оспорената одлука, односно решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.11-473/6 од 02.06.2021 година, до конечното завршување на управниот спор, е беспредметен, бидејќи тужителот предлогот за издавање на времена мерка го насочил против управниот акт што е во идентична врска со управниот акт кој е предмет на управниот спор по тужба У-6.бр.692/2021, па како тужбата против оспореното решение се отфрла како недозволена, оспореното решение не може да биде предмет на одлучување за издавање на времена мерка, односно Судот не се впушти во одлучување по истиот предлог.

Од погоре наведеното, Судот оцени дека во овој случај тужителот нема активна легитимација за водење на управен спор, поради што следуваше

согласно членот 32 став 1 точка 2, а во врска со член 20 од Законот за управните спорови, да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Управен суд на 22.07.2021 година, под У-6.бр.690/2021 и У-6.бр.692/2021.

Записничар - помлад судски соработник
м-р Наташа Кузмановска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:

- тужител, Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- тужен, Државната комисија за жалби по јавни набавки,
- з.л., „СТРАТИЛАТ“ ДООЕЛ Кичево,
- з.л. „ТС ВАЈД ЛАИФ“ ДООЕЛ Скопје

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT